
ВЛАДИМИР ТЕМКОВ

***ОВАА ИЗЛОЖБА ЈА ПОСВЕТУВАМ НА МОЈАТА СОПРУГА ЛИДИЈА И НА МОИТЕ ДВЕ ПРЕКРАСНИ ДЕЧИЊА МИШЕЛА И САШКО КОИ МИ ДАДОА ЦЕЛОСНА ПОДРШКА ПРИ СОЗДАВАЊЕТО НА ОВИЕ ДЕЛА.***

***ИМ БЛАГОДАРАМ.***

***САКАМ ДА ЈА ИСКОРИСТАМ ОВАА ИЗЛОЖБА ЗА ДА ИМ ИЗРАЗАМ ЈАВНА БЛАГОДАРНОСТ НА МОИТЕ РОДИТЕЛИ, МАЈКА МИ ПЕНА И ТАТКО МИ МИШО КОИ ШТО НАЈДОА СИЛИ И ХРАБРОСТ И МИ ОВОЗМОЖИЈА ОБРАЗОВАНИЕ.***

МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН И ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР

# МЛАДОСТ-М

КАВАДАРЦИ

# *СЛИКИ*

# ВЛАДИМИР ТЕМКОВ

САЛОН НА МЛАДИНСКИОТ КУЛТУРЕН И ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР **"МЛАДОСТ М"** - КАВАДАРЦИ

26 ДЕКЕМВРИ 1997 - 20 ЈАНУАРИ 1998

*Искрен и моќен сликар*

*Во напонот на своите сили и артистички настроенија, познатиот кавадаречки ликовен уметник Владимир Темков направи моќна колекција од дела, кои претставени заедно, сочинуваат богат избор на доживеалици и сознанија.*

*Со својата целосна предаденост кон творештвото, кон радоста на отворањето на својата душа и користењето на својата вештина во обликувањето на новите артефакти на постоењето и на уметноста, Темков ги допира длабоките скриени но интимни делови на светот и човечката внатрешност, ги поврзува во целост со квалитетите на првичниот, непосредниот допир со материјата изнедрувајќи зрели плодови на својот творечки хабитус и животна ориентација, зголемувајќи го широкострано и својот ликовен израз и артистички потенцијал на нашиот свет.*

*Во секој човек е вгнезден никулецот на одблесокот на светлината и на постоењето како зафаќање на просторот. Окото е најчувствителното сетило, а видот најживо и постојано доживување. Енергијата која извира од нив, како и многу нешта од сличен вид, сепак, ги затвораме во себе, најчесто не давајќи да проговорат освен во скриените мигови на својата вистина, или во допирот со највредното ликовно вон нас, за низ асоцијацијата збор да кажат и нашето сознаено видело и научното гледање и најинтимната визуелна егзистенција.*

*Сликарот Владимир Темков, наспроти тоа својот ликовен најинтимен свет ни го открива штедро, со безмилосно давање на себе, со енергичност на себеисповедувањето, со манифестирањето на својот најскап талент - видувањето и ликовноста на својата најголема автентичност и драматичноста на таквиот тежок потход кон човештината и искреноста.*

*Сликите на Владимир Темков, триесетте сите нови, од неновата фаза, со нов пристап и нови искуства се надоградба на старите оригинални идеи и вметнување на нови, израз на зрелото лично доба и на стасаноста на неговата ликовна филозофија. Ликовното искуство на Темков е богато, потекнува од неговото изворно творештво и од благоста на комуникацијата со своите колеги, на кои тој им е радосен собеседник и најбаран плодотворен соработник, без љубомора овозможувајќи им и тие да создаваат и да творат најдобро што можат - што овој високоморален творец го радува како да се тоа негови дела.*

*Сега тој е во центарот на творечкиот процес, ѕвезда на делото и силен творец на добри резултати.*

*Визуелната тензија на Владимир Темков е мошне зголемена при овој циклус и најнова изложба. Тој не се стеснува да ги повика на помош најизворното знаење, долгогодишната вештина на мешањето бои и искуства од интезивното и најинтимно дружење со визуелните форми, како и новината на инспирацијата и модернитетот на намерата. Вреден резултат се квалитетни дела, кои пленат допадливи структури, динамичност на зграпчувањето на ликовниот свет во еден силен замав и со енергичен потег, вкупно - една убава, природна фаза на развитокот на личниот творечки процес на Владимир Темков и една пријатна и значајна уметничка приредба, неопходна за нашето заситено, но постојано настојчиво око, секогаш отворено за изворни и квалитетни творби.*

*Проф. Д-р. Кирил Темков*



*“Композиција - 1“ Масло на платно 150x100*



*“Асиметрија“ Масло на платно 150x100*



*"Птеродактил"   Масло на лесонит   82 x 63*



*"Композиција - 2"   Масло на лесонит   82 x 63*



*"Веслачи" Комбинирана шехника на лесонит 82 x 63*



*"Неурнашиош sug" Масло на лесонит 82 x 63*



*"Пред матичар"   Масло на платно 40 x 40*



*"Во исчекување"   Масло на платно 150 x 100*



*"Раѓање" Масло на лесонит 82 x 63*

*Владимир Темков е роден 1959 година во Кавадарци. Училиште за применета уметност и педагошка академија завршил во Скопје во класата на проф. Ванчо Георгиевски.*

*Самостојно излагал:*

**1983 - Музеј, галерија - Кавадарци**
**1984 - Народна библиотека - Охрид**
**1987 - Градски музеј - Вуковар**
**1987 - Дом на културата - Борово**
**1987 - Галерија "Амадеус" - Осијек**
**1988 - Музеј, галерија - Кавадарци**
**1988 - Градска библиотека - Радовиш**
**1989 - Дом на културата - Битола**
**1990 - Музеј галерија - Кавадарци**
**1990 - Музеј на град Неготино - Неготино**
**1994 - Музеј галерија - Кавадарци**
**1997 - Младински Културен центар - Кавадарци**

*Учесник е на повеќе ликовни колонии од кои позначајни се:*

**1981 - "Фени" - Кавадарци**
**1982 - "Фени" - Кавадарци**
**1982 - Крива Паланка**
**1983 - Битола**
**1984 - Крушево**
**1985 - Радовиш**
**1985 - Охрид**
**1987 - Гевгелија**
**1997 - Валандово**
**1996 и 1997 - Активно учествува во возобновувањето на интернационалната ликовна колонија "Кавадарци".**

*Учествува на повеќе групни изложби од кои позначајни се:*

**1980 - Млади ликовни творци на Македонија - Скопје**
**1981 - Изложба на цртеж и графика на студентите од ликовните академии во Југославија. - Младински културен центар - Скопје.**
**1981 - "Тиквешки ликовни уметници" - Шишка - Љубљана**
**1983 - "Наши достигнувања" - Скопје**
**1983 - "Работници сликари" - Кавадарци**
**1987 - "Кавадаречки ликовни уметници" - Бојевац**
**1984 - Добитник е на награда за графика на конкрусот "Наши достигнувања"- Скопје**

*БЛАГОДАРНОСТ ДО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, Г-ДИН Д-Р МАНЧО МИЦАЈКОВ, КОЈ НАИДЕ НА ЦЕЛОСНО РАЗБИРАЊЕ И ОВОЗМОЖИ РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОВАА ИЗЛОЖБА.*

*Во реализирањето на изложбата помогнаа:*
*- Собрание на општина Кавадарци*
*- ХЕЦ “Тиквеш“*
*- “Анастасов-компани“*
*- Музичко училиште “Лазо М. Рале“*
*- “Випром“*
*- “Данита-комерц“*
*- “Ауто-вќот“*
*- “Унион“*
*- “Југотекс“*
*- “Трикотекс“*
*- “Даскал Камче“*

---

МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН И ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР
**МЛАДОСТ-М**
КАВАДАРЦИ

*- за издавачот: Сузана МИХОВА*

*- текст за каталогот: д-р Кирил ТЕМКОВ*

*- организација на изложбата: Владимир ТЕМКОВ*

*- фотографии: Зоран ЦЕНОВ*

*- компјутерска обработка: Ѓорѓи ЃОРЃИЕВ*

*- ликовно обликување: БИЛИ*

*- печат: АД Печатница “Даскал Камче“ - Кавадарци*

*- тираж: 150 примероци*